Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 55-тата седница одржано на 17.11.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-736/1 од 15.02.2021 година **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-736/1 од 15.02.2021 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-736/1 е оформен по службена белешка број 12-736/1 од 15.02.2021 година за префрлање на пријава од познат подносител во Одделението за спречување на корупција, а претходно заведена под број 09-228/1 од 14.01.2020 година во Одделението за спречување судир на интереси и лобирање. Пријавата е поднесена против повеќе лица и тоа јавен обвинител ----------------------------, претседател на судечки совет --------------------------------, судии поротници --------------------, ----------------------------, -----------------------------, ------------------, вешто лице дипломиран економист ----------------, вешто лице дипломиран економист --------------------------------, адвокат по службена должност --------- ---------------------, адвокат по службена должност ---------------------- и записничар ----------- ---------------------.

Во пријавата подносителот пријавува за можен судир на интереси, проверка на имотната состојба на јавниот обвинител ------------------------------ и судечки совет ------------- - Цоневска, како и за монтиран судски процес против пријавителот и неговата сопруга, што укажува на сомнеж за коруптивно постапување во судската постапка.

При разгледување на предметот во Одделението за спречување на судир на интереси утврдено е дека подносителот наведува поврзаност помеѓу лицата кои ги наведува во пријавата, но таквата поврзаност во најголем дел ја базира на пријателски врски, со што не е опфатен член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите во кој се дефинира што се подразбира под поимот блиски лица. Освен за пријателски врски, подносителот наведува дека адвокатот ------------------------ назначен за нивни бранител по службена должност, бил кум на јавниот обвинител ------------------------,

но кумството исто така не е опфатено со член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите. Исто така, наведува дека -------------------------, назначена за нивни бранител по службена должност за која наведува дека била ќерка на јавен обвинител ----------------- кој го застапувал обвинението на главен претрес, не може да се поведе постапка за утврдување на состојба за судир на интереси затоа што, јавниот обвинител ----------------------- го застапувал обвинението само на главниот претрес, а во понатамошниот тек на постапката обвинението го застапува јавен обвинител ------------- ------------------------. Од вака утврденото произлегува дека настаната е промена на фактичката состојба, односно јавниот обвинител ------------------- татко на --------------------, бранител по службена должност, не го застапувал обвинението во текот на постапката, поради што не може да се утврди состојба на судир на интереси.

Имајќи го предвид погоре изнесеното, а поради наводи кои укажуваат на потреба од проверка на имотната состојба и коруптивно постапување во судска постапка, предметот со број 09-228/2 од 07.02.2020 година е прераспределен и даден во работа во Одделението за следење на имотна состојба и интереси и во Одделението за спречување на корупцијата.

При разгледување на предметот во Одделението за спречување на корупцијата, констатирано е дека станува збор за наводи кои се во надлежност на друг орган бидејќи во конкретниот предмет се посочуваат судии, обвинители и други службени лица, како и целокупни судски постапки, водени при Основен суд ------------ и Апелационен суд --------.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека нема елементи за нејзино надлежно постапување по предметот во Одделението за спречување на корупцијата согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а предметот да се достави на надлежно постапување до Судски совет на Република Северна Македонија, согласно нивната надлежност утврдена во член 36 став 1 алинеи 15 и 16 од Законот за судски совет на РСМ да постапуваат по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите и да се грижи за угледот на судиите и довербата на граѓаните кон судството.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: Б.К.Ш.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**